**СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Број 08- 2168/1**
**Од 21.11.2022 година**
**Скопје**

**До**
**Членовите на советот на**
**Општина Ѓорче Петров**

Врз основа на член 39 и 48 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), член 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13), Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.3/19 и 5/21) и член 39 од Деловникот за работа на советот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.12/06), се донесува:

# Р Е Ш Е Н И Е
## за свикување на Дваесет и првата седница на советот на Општина Ѓорче Петров

Ја свикувам **Дваесет и првата** седница на советот на Општина Ѓорче Петров.

Седницата ќе се одржи на ден **28.11.2022 година (понеделник)**, со почеток во **12:00 часот, во салата за состаноци во Општина Ѓорче Петров.**

За седницата го предлагам следниот:

## Д н е в е н р е д:

1. **Предлог Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2022 година;**

2. **Извештај за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за III квартал на 2022 година;**

3. **Предлог Одлука за враќање на неискористените средства од блок дотацијата за 2022 година наменета за основни училишта и детска градинка на територијата на Општина Ѓорче Петров во Буџетот на Република С.Македонија;**

4. **Предлог Одлука за измена на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2022 година;**

5. **Предлог Одлука за измена на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на спортот и поддршка на невладиниот сектор за 2022 година;**

6. **Предлог Одлука за измени на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на основното образование за 2022 година;**

7. **Предлог Одлука за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2022 година во колона основен буџет;**

8. **Извештај за реализација на Програмата за јавна чистота и јавни работи на територија на Општина Ѓорче Петров за период од 01.01.2022 до 30.09.2022 година;**

9. **Предлог Одлука за одобрување на користење на деловни простории во објектите на месните и урбаните заедници во Општина Ѓорче Петров за потребите на Здружението на пензионери „Ѓорче Петров“ - Скопје;**

10. **Предлог Одлука за именување претставник на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на ООУ „Ѓорче Петров“ – Скопје**

11. **Предлог Одлука за доделување на финансиски средства на Општински сојуз на училишен спорт Ѓорче Петров;**

12. **Предлог Одлука за определување на крајбрежниот појас на река Лепенец, опфатен со изменување и дополнување на урбанистички план за село Орман, блокови 11, 12, 13, 14, 15, 15.1, 16 и 17 Општина Ѓорче Петров.**

Ве молиме за присуство на седницата, а во случај на спреченост известете на тел. 2039-307 или 2044-411, Одделение за Нормативa.

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**